СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 1 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**ТРИНАЕСЕТТА (13) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.03.1995 ГОД.**


1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АБДИ ФАИК 35
3. ДИМОВ ЛАЗАР 48, 51
4. ИВАНОВ РИСТО 19, 22
5. МИЉОВСКИ ЈАНЕ 9, 13
6. НАСЕВ ПАНЧЕ 44
7. ПОПОВСКИ КИРО 37
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО 51
9. ПОПОВСКИ ЉУПЧО 57
10. РУЖИН НАНО 61
11. САБРИУ ИЛИЈАЗ 28, 32
12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 42
13. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ 22
14. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 63
15. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 3 (ПРОГРАМА), 33

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.2

Т.2 стр.65


СЕДНИЦАТА ЗАВРШИ !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1.03.1995 год.**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Мирко Пецов ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

По барање на Владата на Република Македонија ја свикав оваа седница заради целосно информирање на Собранието на република Македонија за договорената економска политика и финансиска поддршка од страна на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

I/2.-/ДВ/ОМ

Во меѓувреме од претседателот на Република Македонија добив предлог за именување гувернер на Народната банка на република Македонија.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да се дополни со - Предлог одлука за именување на гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам, да крене рака? (84)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Известување на Собранието на Република Македонија за договорената економска политика и финансиска поддршка од страна на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

2. Предлог за именување гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, молам, да крене рака

(85 пратеника)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

I/3.-

Преминуваме на **<u>првата точка</u>** од дневниот ред - <u>известување на Собранието на Република Македонија за договорената економска политика и финансиска поддршка на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.</u>

Го молам претседателот на Владата на Република Македонија, г-динот Бранко Црвенковски да поднесе воведно излагање.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, почитувани пратеници.

Дозволете ми на почетокот да Ве запознаам со мотивите од кои се водеше Владата кога му предложи на Собранието да свика посебна седница од ваков карактер.

Владата ја заокружи програмата за дејствување во сферата на економскиот систем за претстојниот едогодишен период.

Две главни карактеристики на оваа програма се:

1 .Стабилизацијата како елемент присутен во континуитет и

2. Реализација на клучните реформи во стопанската и финансиската сфера.

Оваа програма, социјал, да се обезбеди финансиска поддршка беше презентирана пред мисиите на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за обнова и развој.

И двете институции оценија дека спроведуваниот аранжман во 1994 година во целост е реализиран со резултати во поодделни сегменти и подобри од очекуваните.

I/4.-

Второ, понудената програма од страна на Владата претставува солидна основ аза поведување на преговори за склучување на стендбај-аранжман со Меѓународниот монетарен фонд и обезбедување финансиска поддршка за структурните промени од страна на Светската банка.

По неколку месечни преговори и усогласувања се доби финалната верзија на програмата која се оценува за доволно конзистентна и доволно силна за да ги задоволи строгите критериуми на фондот за стендбај-аранжман. Тоа значи дека програмата што денес во главни црти ќе Ви ја презентираме веќе е верифицирана од страна на мисиите на двете нај еминентни и нај компетентни меѓународни институции, што може, а се разбира, не мора да биде гаранција на нејзиниот квалитет. Но, она што, секако, претставува поголема гаранција е нивната спремност финансиски да ја подржат реализацијата на оваа програма.

Се разбира, една работа е да се изготви и да се стави на хартија програма, а сосема друга , не споредливо потешка е да се реализира во пракса. Впрочем верувам дека подоцна , откако ќе ја слушнете целината и карактерот на мерките што се предвидуваат и самите ќе се согласите дека за успешно спроведување на вака крупни и значајни реформи е , секако, неопходна, но не и сама за себе доволна решителноста и ефикасноста на извршната власт, туку дека е потребен далеку поширок консензус, целосна меѓусебна информираност и координираност на низа институции и субјекти во државата.

Искуствата од другите држави покажуваат дека успешноста на реформите е директно зависна од ширината на поддршката што им се дава.

Водејќи се од претходно реченото Владата на Република Македонија оцени дека е неопходно пред Собранието на Република

Македонија, но и пред целата македонска јавност да ја презентира програмата и за истата да побара широка поддршка.

Од Вас претставниците на народот во Македонскиот парламент очекуваме, не само поддршка на овој концепт на промени, туку и спремност за реализација на обврските што од него произлегуваат, а се однесуваат на законодавната функција во овој период.

Почитувани пратеници,

Реформите се судбина на Централна и Источна Европа. Со нив се соочени сите поранешни социјалистички држави и тоа без исклучок,освен, можеби оние кои се опфатени со војна и каде не може да стане збор ниту за цивилизациски, а камо ли за економски законитости. Без разлика на појдовните позиции на поедините држави, од аспект на степенот на развој, нивото на меѓународната поддршка и политичката провиниенција на актуелните влади, сите се определени за реформи на економскиот систем.

Заедничка карактеристика на овој процес се проблемите од типот на падот на производството, зголемување на невработеноста и силните социјални тензии. Оттука изгледноста за успешност на промените зависи од обезбедената финансиска поддршка, што неминовно ги наведува сите овие држави на соработка со меѓународните финансиски институции односно ММФ и Светската банка, пред се.

Да резимирам во овој дел:

Прво, реформите се неминовни и тие немаат алтернатива.

Второ, реформите имаат своја социјална цена која мора да се плати.

Трето, соработката со ММФ и Светската банка ни е потребна нам, а не на тие меѓународни финансиски институции.

I/6.-

Со ова сакам да дадам одговор на, во последно време често споменуваните тези во јавноста од типот: приватизацијата не ни е потребна, или какви се тие реформи ако луѓето остануваат без работа или на пример кои се тие од Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка да ни кажуваат што да правиме. едноставно ние се наоѓаме во едносмерна улица која мораме да ја изодиме до крај. Носталгичното обрѕрнување назад кон претходниот систем не е никаква алтернатива. Уште повеќе евентуалното пролонгирање или откажување од реформите, не значи и избегнување на плаќање на социјалната цена. Можеби со мало задоцнување, но таа неминовно ќе си дојде, со таа разлика што во тој случај ќе биде бесцелна и залудна.

Почитувани пратеници,

Овој пакет на програмски мерки е комплексен и синхронизирано дејствува во повеќе сектори. Јас би ги набројал позначајните

Едниот сет на мерки се однесува на сферата на монетарната, фискалната политика и во секторот на контрола на јавната и личната потрошувачка, или со други зборови тоа е група на мерки која треба да ја обезбеди стабилизационата компонента.

Како по значајни цели кои треба да се обезбедат е цел на инфлација од 18% за 1995 година. Не би сакал посебно да нагласувам дека е ова една исклучителна амбициозна цел.

Понатаму треба да се обезбеди раст на девизните резерви на Народната банка на Македонија од околу 60 милиони долари,што е еднакво на осум неделен увоз.

Курсот на националната валута во целата 1995 година би се задржал на денешното стабилно ниво.

Да се обезбеди елиминирање на дефицитите во Буџетот и до средината на годината да дојде до урамнотежување на приходната и расходната страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Вториот пакет на мерки се однесуваат на реализацијата на структурните промени. јас би ги поделил на два главни сегменти: приватизацијата и санацијата на банкарскиот систем.

Кај приватизацијата, покрај забрзувањето на процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, тука е и посебен сепарат кој се однесува на преструктуирањето на групата од 25 претпријатија, големи загубари и продажбата на општествениот деловен простор.

Во делот на реформите ан банкарскиот сектор би имале две нивоа на мерки:

Едното ниво би била линеарна санација на банките, со отстранување од нивните биланси и преземање од страна на државата на замрзнатите девизни депозити и девизните заеми одобрени од"Парискиот Клуб" и тоа и на страна на активата и на страна на пасивата.

Второто ниво на мерки во делот на банкарскиот сектор се однесува директно на преструктуирањето и приватизацијата на Сто- панска банка.

Третиот дел на потези треба да овозможи регулирање или отпочнување на регулирање на нашите односи со "Парискиот Клуб" ИФЦ, Европската инвестициона банка, Еурофима и Европскиот Фонд за реинтеграција.

Четвртиот дел се однесува на серата на законската регулатива и неа би ја расчленил повторно да две нивоа: донесување на закони со кои треба да се поставаат рамките на новиот систем кој го градиме, како што

се Законот за трговски друштва, Законот за јавните претпријатија, Законот аз денационализација и други закони и второто ниво измени на постојните законски акти.

Петтиот сегмент на оваа програма е обезбедувањето на финансиска поддршка за нејзино спроведување. Досега се обезбедени 85 милиони долари кредит од страна на Светската банка и дополнителни 14 милиони долари за поддршка на социјалната политика и околу 100 милиони долари други кредитни средства за сообраќајната инфраструктура, аграрот, поддршката на приватниот сектор и на малите стопанственици.

Активностите за обезбедување на дополнителни средства од извори на донации продолжуваат и понатаму.

Почитувани пратеници,

Дозволете четири членови на Владата , господата: Јане Миљовски, Љупчо Трпевски, Ристо Иванов и Иљас Сабриу, по подробно да Ве запознаат со поодделните сегменти од програмата, при што јас после нивните искажува&а повторно ќе земам збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ресорните министри да поднесат поединечни излагања.

Има збор министерот за финансии, г-динот Јане Миљовски.

I/9.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа.

Во претставувањето на пакетот на Владата кои треба да ги објасни сите елементи на економската политика во следната година како и реформите кои мислиме да ги спроведеме мене ми беше дадено да говорам за монетарната политика, за регулирањето на односите со светсктие финансиски институции, регулирањето на нашите долгови кон странство, напорите кои Буџетот треба да ги направи за овие реформи, темпото на приватизацијата, како и приватизацијата на деловниот простор.

Како што гледате во поделбата, како да Ви ја претставиме целината на пакетот на реформи, не сосема се државме до строга секторска поделба. Тоа пред се заради тоа што реформите се однесуваат на речи си сите подрачја на економската политика, но дури и оние сектори на државата кои немаат директна врска со стопанството. Едноставно тежината на реформите е толкава, зафатот е толку длабок што ќе мора да се почувствува во сите подрачја на животот. Оттука ние овде ви претставуваме нешто што на повеќе наврати е дискутирано во Владата и зад што застана целата Влада.

Во ова излагање ќе се обидам да дадам целосен преглед за се она што во горе наведените домени претставува составен дел на реформскиот пакет. При тоа морам да нагласам дека еден дел од овие мерки што ќе ги споменам, ова Собрание веќе ги има донесено. Во моето излагање овде јас в' ги споменам само да се види невината врска со другите елементи на програмата и пратениците едноставно да добијат увид во целокупноста на програмата.

I/10.-

Главна цел на макроекономската политика на Владата ќе биде натамошно смалување на инфлацијата. Антиинфлационото дејствување на програмата ќе се потпира на контролата на исплатените плати, цврста монетарна политика и стриктна буџетска дисциплина која всушност е продолжување на политиката која ја водевме и во изминатата година. Но за разлика од 1994 година, покрај стабилизационата програма ние овој пат влегуваме со длабоки структурни реформи преку забрзување на процесот на приватизацијата на претпријатијата, преструктуирање и приватизација на банкарскиот сектор и други промени во изградба на стопанскиот систем на Македонија.

За оваа цел во Буџетот на Републиката, Вие тоа веќе го знаете се обезбедени 6% од бруто општествениот производ. За смалување на инфлацијата во Буџетот, исто така, се предвидени средства кои треба да ја потпомогнат монетарната политика во следната година.

Главна цел на фискалната политика ќе биде елиминација на доспејаните долгови на буџетот, а особено тука го издвојуваме долгот на пензискиот фонд.

Главни делови на буџетската политика се мерките на фис- калната поддршка на монетарната политика која со откуп на вишок на странски платежни средства ќе се обиде да го задржи курсот на денарот стабилен исто така, како една од основите нумерички цели, договорена со Меѓународниот фонд е инфлација од 18% во 1995 година.

За да може инфлацијата да се задржи напроектираното ниво, Народната банка на Македонија ќе мора да задржи стриктна монетарна контрола. За оваа цел пресметани се цела низа многу егзактни монетарни агрегати. Тие се договорени со ММФ и ние се врзнавме да овозможиме нивна постојана контрола од експертите од оваа институција.

I/11.-

Односот 27 денари за 1 ДМ е значаен квантитативен показател за исполнувањето на програмата. Тоа значи овој однос е практично и критериум. Во овој момент притисок на странската валута не присилува со откуп на вишок на девизи да го браниме постоечкиот однос денар марка. За да се оствари таа цел и за да се спречи понатамошно паѓање на марката во однос на денарот, Владата ќе ги зголеми своите резерви кај Народната банка на 2/4 милијарди денари. Оваа фискална поддршка ќе и овозможи на Народна банка да го апсорбира целокупниот вишок на странска валута на македонскиот пазар. Оваа пак мерка ќе овозможи и пораст на кредитите кои Народна банка ги дава на комерцијалните банки за 2/3 од проектираната стапка на инфлација.

Контролата на паричните резерви ќе биде зголемена со трансфер на средствата од Буџетот од комерцијалните банки како што беше досега од сметка на Народната банка на Македонија.

Задржување на истиот однос на денарот и марката сметаме дека е битен елемент да не се вложат шансите на нашето извозно стопанство. Спонтаните движења на пазарот имаат тенденција, марката во однос на денарот да падне и со тоа да се влошат шансите на извозниците. бранејќи го ова ниво, фактички се обидуваме преку спонтаните движење да не се влоши и натаму ситуацијата на извозните стопанства.

И покрај значајниот фискален напор во 1994 година потребни се додатни сложени прилагодувања во 1995 година. Тие треба фискалната политика да ја направат да биде во содејство со антиинфлационата политика на нашата програма. Тоа значи зголемување на депозитите на Буџетот на Народната банка во износ од 1^3% од бруто општествениот производ. Потпомагањето на преструктуирањето на банкарскиот систем е поддржано со 2,5% од бруто општествениот производ со тој износ на средства кои Буџетот ги става на располагање за оваа намена.

1/12

Исто така Буџетот става 0,7% од бруто општествениот производ кои ќе бидат потрошени за израмнување на долгувањата на Буџетот на разни установи од јавниот сектор , како и за израмнување на расходната и приходната страна на пензискиот фонд, некаде од средината на оваа година.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (продолжение)

Сите овие мерки заедно, ако се види колку изнесува сумата, претставуваат 4,4% од бруто општествениот производ. Сметаме дека и намалувањето на буџетскиот дефицит, кое што е постојано и кое што одеше од 11,1% во 1993 година, опадна на 2,6% во 1994 година и ќе опадне на 1,8% или уште помалку во 199 5 година, е извонредно значајна стабилизациона мерка.

За да можеме да ги спроведеме овие реформи прифативме мерки кои ќе ги зголемат приходите на буџетот за 2% од бруто општествениот производ. Износот е 3,5 милијарди денари.

Ова е постигната о и ќе се постигне преку зголемување на акцизите на нафтените деривати. Првата промена е извршена во декември вчера на седницата на Владата, практично е промовирана и втората промена.

Исто така, смалувањето на постојните исклучоци, на постојните ослободувања од царината е мерка која веќе е донесе ова Собра- ние во декември. Во 1995 година исто така, сметаме на дополнителни приходи од покачените административни судски такси.

Фискалниот програм, покрај трошоците за реформи содржи и 4 мерки кои се веќе донесени во декемвриската сесија на Парламентот Она што морам да го истакнам како мерка допрва треба да се спроведе за заштеда од 400 милиони денари која мора да се оствари со намалување на вработеноста во органите на управата. Со ова сакам да укажам само тоа дека и управата ќе мора да даде свој придонес за стабилизацијата на стопанството. Министерството за финансии ќе мора до септември да воспостави оддел за таканаречено трезорско работење, до сега сосема непознат кај нас, меѓутоа, систем кој ја зголемува ефикасноста на буџетските средства и систем кој се применува во најголемиот број западни земји.

II/2.-

До крајот на годината се планира да се воведе и третиот данок од комплексната даночна реформа, која што ја почнавме во претходниот период, а тоа е данокот на додатна вредност. Оние кои ја знаат техниката на пресметуваше на тој данок знаат каков е тоа технички и административен напор да се изгради целокупна даночна администрација за негово сервисирање.

Значаен елемент на Програмата за економска реконструкција на земјата зазема регулирањето на односите со кредиторите.

Во 1994 година Македонија ги презеде и исплати заостанатите рати од кредитите кон светската банка и ги регулираше своите обврски кон меѓународниот монетарен фонд. Во оваа година продолжуваме со нормално сервисирање на тие долгови. Но, сега на ред е регулирањето на останатите долгови кои што ги има оваа Република. Само преку потполно регулирање на заостанатите долгови е можно наше вклучување во светските економски текови. Дури и како услов за заклучување на стенд-бај аранжманот со меѓународниот монетарен фонд, ние мораме да добиеме покана за преговори со таканаречениот париски клуб на кредитори. Во него, во овој париски клуб на кредитори се претставени владите на земјите кои што порано давале кредити кои што се трошеле во Македонија^

Условите под кои ќе мораат да се вратат овие средства во овој момент сеуште не се познати, но ова што е важно за да се добие покана е да се обврзе дека во принцип е спремна да ги врати долговите кои се направени од претпријатијата на нејзина територија.

Исто така, Македонија ќе мора да признае и дел на неалоцираниот долг на поранешна Југославија во износ на нашата квота во Меѓународниот монетарен фонд, а таа е 5,4% од вкупно не алоцијаниот долг. Дури по ова, следи вториот дел на регулирање на кредитните

односи, а тоа се преговорите со таканаречениот Циришки или Лондонски клуб. во него се претставени комерцијалните банки, кои исто така порано давале кредити на банки, претпријатија од Македонија. Она што мора да бидеа јасно е дека Македонија не презема туѓи долгови, туку ги регулира своите долгови. При ова, исто така, мора да е јасно дека кредиторите од Парискиот клуб стриктно се раководат од принципот на краен корисник на кредитот.

Оттука, не е можно префрлање на кредитите ниту на сукцесијата, ниту на таа цела маса на средства, кои се предмет на Женевската Конференција. Ставот на сите кредитори е дека секој мора да одговара на своето задолжуваше и дека нема да прифатат пренесување на долгот на друг субјект од поранешна Југославија. Односите меѓу сукцесорите сметаат за интерна работа на републиките, која не може да влијае на регулирање на долгот на поедините земји кои што произлегуваат од Југославија и кредиторите. Само да напоменам тука, овој принцип е веќе прифатен и до Словенија и од Хрватска и тие се веќе при крај на преговорите со Парискиот клуб и ја започнува првата рунда на преговори со Циришкиот клуб. Хрватска не е стигната таму, меѓутоа ги прифатија како принцип на делба, овие принципи кои што сега ви ги објаснив.

Следен важен камен темелник на реформите е приватизацијата. Она што Републиката има за задача во следниот период е интензивирање на процесот на приватизацијата. За таа цел од нас се бара поедноставување на процедурите за оценка на вредноста на претпријатијата. Ние еден дел од тие процедури веќе применуваме,а со воспоставување на документација за приватизациите извршени во земјата, но и во странство веќе ќе можеме да користиме и полната лепеза на методи за проценка, кои впрочем се предвидени со

методологијата за проценка на претпријатија со општествен капитал. Бројките кои ни се посочуваат од Светската банка се многу тешко остварливи. Во понатамошните дискусии ќе се обидеме да постигнеме заеднички поглед на тоа што е реално. Она што загрижува, од друга страна е порастот на еганитарната свест во Републиката и постојаниот пораст на противниците за приватизација, за кој веќе говореше премиерот. Ваквиот процес може да се забележи во сите земји на транзиција. Но, тенденцијата е опасна и се заканува да ги загрози промените кои што веќе ги почнавме. Со бројот со досега приватизираните претпријатија, ние веќе ги исполнуваме условите за првата транша од кредитите. Забрзување на процесот е неминовност која мора да се оствари за да се задоволат критериумите пред се, за втората транса. Но забрзувањето е пред се и најмногу диктирано од потребите во земјата да се воспостави нормална мотивациона структура и да се овозможи со вистинска управувачка структура која ќе може земјата да ја извлече полека од кризата.

Забрзување на процесот на приватизација е овозможен со фактот што малите претпријатија веќе можат да се приватизираат и со одлука на Агенцијата. Во таква состојба ќе дојдат и големите претпријатија, на кој рокот за сопствена иницијатива им истекува во јули.

Во глобалната проблематика на приватизација ги сметаме и приватизација на деловниот простор и 25-те загубари. Ние во слетната година со различна динамика ќе мора да продадеме околу 80 илјади квадратни метра деловен простор. Целта е изгледа многу амбициозна затоа е многу олеснета со еден голем зафат, а тоа е приватизација на Трговскиот центар во Скопје за кој што имаме намера да пријдеме кон негова приватизација преку издавање на акции, значи да го задржиме претпријатието во целина за да не се упропасти сето она што

функционира како техничко единство.

Со воведување на потврдите на замрзнатите девизни штедно влогови, приватизацијата на деловниот простор и приватизацијата на општествениот капитал, веќе почнаа да добиваат значително забрзување.

Долготрајната криза која во голема мера е резултат на движењето во регионот очекуваме да не продолжи понатаму да влијае врз намалување на производството. Дури очекуваме во втората поло- вина на годината изнесен благ пораст на производството по повеќе- годишно опаѓање на истото. Овој пораст во голема мерка се потпира на ефектите за значајното намалување на инфлацијата во 1994 година, сепак значаен пораст на производството може да се очекува само со надминување на кризата која го зафати регионот, и која ќе значи повторно воспоставување на традиционалните транспортни правци и ќе поврати барем дел од поранешниот пазар. Во рамките на обврските кои што ќе се поставaт непосредно пред Парламентот се низа закони кои Владата ќе ги предложи во следниот период. Покрај специјалниот закон за преструктуирање на банкарскиот систем, кој што утре ќе биде доставен до Собранието, ќе мора да се усвојат и многу низа закони. Како услов за првата транша на кредитот од светска банка е усвојување во прва фаза на Законот за трговски друштва. Тој е веќе доставен до Собранието.

Како услов за втората транша е негово конечно усвојување до крајот на годината, а тоа значи до крајот на оваа година Законот за трговски друштва мора да бидеа усвоен од ова Собрание.

Исто така, во текот на оваа година мора да се донесе нов закон за стечај. Тоа е еден исто така од условите.

По тоа, законското9 регулирање на јавните претпријатија мора да се заврши во текот на оваа година.

II/6.-

Тука морам да го спомнам еден од поважните закони, поважни заради тоа што има и многу значајна политичка димензија меѓутоа, и не е занемарлив и економскиот аспект, а тоа е Законот за денационализација, за кој што исто така имаме услов да биде донесен до крајот на оваа година.

Како што беше нагласено смалувањето на инфлацијата е основен предуслов за креирање на стопанскиот раст на подолг период. Ова определба на Владата беше досега често напаѓана. Особено, можеа да се чујат префрлувања дека Владата премногу цврсто се држи до постигнатиот курс. Сакам да ви кажам какви би биле ефектите на поинакво однесување на Владата. Доколку Владата дозволила само за 1% да се промени курсот, ефектот на инфлација би бил најмалку 4% зголемена инфлација. Оттука, померување на курсот не може да биде решение на проблемот на кој што се јавува во цврстото стоење на курсот на еднаков однос и инфлацијата која што во минатата година беше 57%. Решението е фактички во победувањето на инфлацијата. Меѓутоа, тоа не може да се направи наеднаш. 57% довиена инфлација во минатата година и воопшто, мислам на генерален план се смета за исклучително голем успех. Ако успееме, а јас се надевам дека ќе успееме да ја одржиме инфлацијата на 18% оваа година, тој диспаритет на движењето на домашните цени и курсов станува помалку болен. Меѓутоа, кога би се обиделе да го менуваме курсот,ефектите би биел погубни, повторно би влегле во инфлациона спирала. Впрочем, да ви кажам ние сме спремни како Влада да прифатиме и менување на курсот доколку тоа сме би значело печатење на пари- Меѓутоа таков метод скоро да не постои.

Јас спомнав дека посебен сегмент во програмата за приватизација како еден дел на тој глобален пристап кон приватизацијата е и проблемот на 25-те загубари. За тоа ќе ви говори министерот за стопанство Ристо Иванов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пртеници целта на проектот 25-те загубари ги образложив и за нето општино дискутиравме при донесувањето на законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење покажале загуба. Заради тоа сега повеќе би се задржал на неговата операционализација и целите што треба да се постигнат во 199 5 година, кои се дефинирани и усогласени согласно поддршката од двете меѓународни финансиски институции ММФ и светската банка. Основни задачи во 1995 година а што би требало да се постигне на овој проект е да се обезбеди олеснување на претпријатијата од превработеноста и преземање на технолошкиот вишок на работници на терет на државата, за што се обезбедени и средства во социјалните програми. И притоа да се обезбеди во две претпријатија целосно применување на Програмата за намалување на трошоците од работењето. Втората задача е зголемувањето на цената на електричната енергија за 15% заради изградување на инфлациониот ефект и обезбедување на услови за враќање на кредитите за електро-стопанството. Оваа задача впрочем е и реализирана која во суштина значи покрај остварување на задачите договорени со ММФ и рацио-нализација на потрошувачката со електрична енергија и селективно оптоварување односно ефектот од покачувањето да бидеа во помала мера предизвикано кај стопанските субјекти.

II/8.-

И третата задача кај зголемување на железничките тарифи по 10,5% секое тромесечие што би се вградила инфлацијата од 1994 и 1995 година во цената на железничкиот транспорт,а тоа би се вршело сукцесивно во текот на годината за да не постојат големи и високи оптоварувања кај стопанските субјекти во користењето на железничкиот превоз. За остварувањето на овие задачи неопходно е што поцелосно и побрзо рационализирање на решенијата од Законот за преструктуирањето на дел од претпријатијата што во своето работење искажале загуби, и на тој план досега направено е следното: постои преглед за сите обврски што се направени во сите овие 23 претпријатија и заклучно со 28 февруари 1995 година заврши пријавувањето на побарувањето од страна на доверителите даден е рок за проценка на имотот и тој е до 30.IV.1995 година, и до тој рок не ќе биде возможна физичка делба на одредени делови од претпријатијата после 1 Мај 1995 година ќе биде можно за едно поделба обврски и побарувања и на тој начин да можат поединети друштва во рамките на системите да работат самостојно. До тој период, во рамки на Комисијата за остварувањето на овој проект, дозволено е друштвата кои остваруваат повеќе од 70% приходи надвор од постојните системи и постојните организации, да можат самостојно да работат како тоа би се обезбедило со делегирање на член на Управниот одбор во тие друштва од страна на Владата, и на тој начин единствена ориентација на овие друштва ќе бидат остварување на позитивен готовински тек на средствата.

Истовремено се донесени се инструментите за контрола на финансиското работење во овие претпријатија бидејќи во овој период неопходно е целосна контрола на финансиското работење во овие претпријатија бидејќи во овој период неопходно е целосна контрола на финансиските текови и овие претпријатија да можат да обезбедат позитивен готовински тек на средствата и нивно следење на секој месец.

Истовремено создадени се можности за конкурирње за обртни средства на овие претпријатија донесени се критериумите врз основа на кое ќе може да се делуваат средствата обезбедени преку различни извори и за кој што говоревме при донесување на Законот, и досега има поднесено барање за обртни средства од овие претпријатија во износ од 13 милиона и 610 илјади долари.

Истовремено, до 1 Март 1995 година поднесени се барања од 3.881 работник од технолошки вишок и се надеваме дека со ваквото темпо во најскоро време ќе може што поцелосно да се пристапи кон програмите за намалување на трошоците во секое претпријатие поединечно. Истовремено, согласно барањето на претпријатијата досега се донесени од страна на Владата 13 посебни програми истовремено се именувани на управните одбори, паралелно со нив учество имаат и проектменаџерот од Агенцијата за приватизација затоа што основна цел покрај организационото и финансиското преструктуирање во овие претпријатија паралелно да тече процесот на приватизацијата.

Поставените задачи за 1995 година, сметам дека се реални и потребни, бидејќи доколку сакаме Законот да заврши со своето дејство една година како што е предвидено, неопходни се брзи и ефикасни

Од септември 1995 година би требало да се почне со понуда на акциите и влоговите на овие претпријатија на пазарот за купување а оние што немаат да покажат позитивен готовински тек согласно Законот, би требало да се покрене постапка за стечај.

Почитувани пратеници, сигурно дека со предложената програма на реформи се стеснуваат можностите за поттикнување на стопанската активност.

III/1.-ЛП/МЛ

**РИСТО ИВАНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се намалувања интересот за производно ангажирање и истовремено сигурно дека е намалена и профитабилноста од вработеноста на факторите за производство и извозниот мотив. Но извозната ориентација на стопанството е и ќе биде еден од приоритетите на оваа Влада, во рамките на предвидената макроекономска политика. Затоа, во од со мерките и инструментите на тековната економска ќе се обезбедува основна цел од секоја стопанска активност да биде што поголема извозна активност. При тоа, како една од задачите на оваа Влада ќе биде регулирањето на надворешно - трговската размена и обезбедување потранспарентни услови за размена како со соседите така и со Европската унија.

Секако дека преструктуирањето на стопанството, реализацијата на проектот на дваесет и петте загубари и приватизацијата тесно се поврзани со вториот сегмент на реформите. Тоа е реформата на банкарскиот систем, а за него поконкретно образложение ќе даде министерот Љубе Трпески.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Љубе Трпески.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, нерационалностите на економскиот систем, посебно оној инаугуриран во 70-тите години, во монетарно - кредитната и банкарската сфера најдоа свој израз во формирањето на банките на здружениот труд, каде што самите корисници на кредитите, колку и да изгледа тоа денес нелогично, ги креираа условите под кои земаа кредити.

III/2.-

Во услови кога институционално и законски банките беа третирани како сервис на здружениот труд, најмалку можеше да се очекува тие да работат на принципите на пазарната економија. Логично, како последица на запоставувањето на основните принципи на банкарското работење, во еден подолг временски период, и пошироко, како резултат на еден економски систем кој можеше да опстанува само под услови на меки буџетски ограничувања, најголем дел од банките се доведе во состојба на инсолвентност. Последиците од тие романтичарски заблуди се тешки, а сметките се пристигнати и треба да ги плаќаме.

Потребата за санација на банките е согледана од поодамна. Стратегијата за санација на банките е утврдена уште во 1992 година, во проектот што носи наслов "Стратегија на приспособување на стопанството и глобални согледувања за стопанскиот развој на Република Македонија". Во делот на банкарскиот систем, меѓу другото, беа изнесени следните констатации.

Прави санации и реструктуирање на банките ќе се направат кога може да се формираат нови биланси на банките, исчистени од фиктивните ненаплатливи побарувања, биланси кои ќе одговараат на усвоените меѓународни стандарди на банкарството и во поглед на капиталната адекватност на банките и во поглед на структурата на активата на банките. Формирањето на нови почетни биланси треба да отпочне со нови вреднувања на активата на банките. Во нивната актива треба да останат само побарувања колку и тие можат да остваруваат приходи, со што навистина а не само книговодствено како досега би станале профитабилни банки. Најголемиот дел од таканаречените дубиозни побарувања, што ги имаат банките, треба да се пренесат во Буџетот. Работа е на буџетската политика околу правилното распоредување на даночниот товар, поданочни обврзници, во временски период потребен за целосна санациј на банките. Тоа не е можно да се

оствари без адекватна финансиска и техничка поддршка од меѓународните финансиски институции.

Какви активности се преземени досега спрема таа стратегија за заздравуваше на банкарскиот систем?

Најпрво, стабилизирани се економските текови. Без стабилни економски текови не може да се замисли отпочнување на процесот на санацијата на банките.

Второ, донесени се закони од областа на банкарството, кои за разлика од порано сега кореспондираат со соодветните закони од земјите со пазарна економија.

Трето, формирана е агенција за санација на банките.

Четврто, меѓународни ревизорски куќи извршија ревизија на билансите на четирите најголеми банки според единствена методологија.

Сега кога и од страна на меѓународни ревизорски куќи имаме потврда и за големината на загубите и за степенот на супстандардната актива нг банките, треба да се направи следниот чекор - санацијата на банките.

Во Законот за санација на банките, што утре ќе биде доставен до Собранието, најнапред со линеарна санација се опфаќаат сите банки во кои има таканаречено старо девизно штедење и преку кои во минатото се земани кредити од странство. Со линеарната санација таканареченото старо девизно штедење ќе се отстрани од билансите на банките и тие на договорна основа со државата ќе продолжат да го сервисираат. Понатаму, во првата фаза би се исчистиле во билансот на банките и обврските спрема Парискиот клуб. Тие би се пренеле во Агенцијата за санација на банките. Крајните корисници на тие кредити не се ослободуваат од тие обврски, само што после донесувањето на овој

закон за наплата би се грижела Агенцијата. Обврските спрема таканаречениот Цириршки или Лондонски клуб, односно спрема комерцијалните банки засега предлагаме да останат во билансите на банките.

Јас верувам, сите знаете дека многу работи се случуваа на меѓународниот секундарен пазар на вредносни хартии во изминатите години со овој вид на долгови. На вас секако ви се познати и активностите што ги има преземено Република Словенија за да ги амортизира последиците од тие движења на секундарниот пазар. Имаме време до добивањето на втората транша од кредитот од ИДА да го одбереме најадекватниот метод за регулирање на овој долг. Од тие причини, засега обврските спрема Цирих остануваат во билансите на банките.

После линеарната санација се оди во еден специфичен вид на санација, односно реконструкција на стопанската банка. Имено, наместо класичната санација во која се поништува целиот капитал на банката и се менува раководството на банката, ние успеавме да се договориме со мисијата на Светската банка да се оди во еден вид на специфична санација, во која лошите денарски пласмани што се преземаат во Агенцијата се минусираат за капиталот само на оние претпријатија чии обврски се предмет на регулирање со овој закон.

Иако овој вид на санација е поскап за државата, сепак, се одлучуваме за него со цел да се заштитат оние претпријатија кои биле уредни комитенти и кои навреме ги враќале земените кредити на банката. На овие претпријатија капиталот им останува во банката.

Понатаму, со цел да се намали доминантната положба на Стопанска банка во банкарскиот систем на Републиката и да се овозможи поефикасно водење на монетарно - кредитната политика, договорено е со Светската банка таа да не биде поголема од 1,8 .пати од втората по големина банка. На тој начин би се елиминирала нејзината

монополска положба во банкарскиот систем. За таа цел, веќе до 15 март, треба да се издвои една филијала со големина од околу 10% од банката, да добие дозвола од Народната банка за самостојна банка и да биде со приватен капитал најмалку од 51%. Ако тука потфрли раководството на Стопанската банка или раководството на Народна банка, нема да исполниме еден од главните договорени критериуми, а со тоа нема аранжман со Светската банка, односно нема аранжман со Фондот, бидејќи тие се меѓусебно условени.

Почитувани пратеници, реформите што ги преземаме финансиски ќе ги поддржат и Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд. Аранжманот со Светската банка, не се само 85 милиони долари ИДА кредит. Во аранжманот треба да се вклучат и веќе споменатите 14 милиони долари кредит за социјални намени под исти услови, под ИДА услови. Тоа значи без камата, со 10 години грејс период и на 30 години рок: на отплата. Покрај овие 100 милиони ИДА кредит, паралелно се водат преговори од кои некои се во завршна фаза за уште додатни 100 милиони кредити од Светската банка, во кои ќе бидат вклучени исто така дел од ИДА за развојни проекти во областа на земјоделството, патната инфраструктура и за развојот на приватниот сектор.

Стенд-бај аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд носи .55 милиони долари. За аранжманите со Европската банка за обнова и развој ова Собрание веќе неколку пати има донесувано одлуки. После заклучувањето на стенд-бај аранжманот, егзим банките од најразвијните земји добиваат зелено светло за доделување кредити за увоз на опрема и репроматеријали на наши претпријатиа од тие земји.

Меѓутоа, да не заборавиме и на долговите што ги имаме наследено. Во изминатите две години ги регулиравме односите со меѓународните финансиски институции. Ги отплативме заостанатите обврски спрема Светската банка и сме редовни во сервисирањето на тековните обврски спрема неа и Меѓународниот монетарен фонд. После заклучувањето на стенд-бај аранжманот ни претстојат тешки макотрпни преговори поединечно со секоја земја членка на Парискиот клуб околу регулирањето на нашиот долг спрема овие земји. Во третата фаза доаѓа разрешувањето на долгот спрема комерцијалните банки. Очелуваме дека после заклучувањето на стенд-бај аранжманот нашите можности кај земјите членки на Парискиот клуб и кај комерцијалните банки за поволно репрограмирање, па и за отпишување на дел од постојниот долг се далеку поголеми.

На крајот, да резимирам. Има една поговорка која вели: "Ако трчате маратон на 20 км., не заборавете дека кога ќе стигнете на 19-от километар допрва сте на половина пат". Со мерките што треба да се преземат и реализираат до 15 март во областа на банкарството, четирите учесници во штафетната трка, Владата, Собранието, Народната банка и Стопанска банка треба да покажат и брзина и кондиција и вештина во разменувањето на штафетните палки. Ако потфрли само еден, ја губиме трката. Јас сум оптимист дека сите ќе го понесеме својот дел од одговорноста и дека успешно ќе ја завршиме работата.

Ви благодарам.

За еден многу важен сегмент, за социјалната сфера и социјалните програми ќе зборува министерот за труд и социјална политика Иљаз Сабриу.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за труд и социјална заштита Иљаз Сабриу.

III/7.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, имајќи ги предвид актуелните состојби и проблеми во кои се наоѓа Република Македонија, изнесени од премиерот и моите колеги, посебно во економската и социјалната сфера, ја налагаат потребата од брзо преземање соодветни мерки за промени во областа на трудот и животниот стандард на населението во Република Македонија.

Во услови кога постојано расте бројот на невработените, кој веќе достигна 25% од вкупното работоспособно население, бројот на вработените кои нередовно примаат плата постојано се зголемува, присутно е значително реално опаѓање на платите, продолжува и натаму задоцнувањето на исплатата на пензиите и другите примања на граѓаните во Република Македонија. Поради ваквите присутни состојби и проблеми, постојано расте бројот на социјално загрозеното население на кое му е потребна неопходна помош за негова егзистенцијална издржливост.

Поаѓајќи од тоа, Владата на Република Македонија, посветува големо внимание на овој проблем и неколку години наназад донесува социјални програми. Овие програми во досегашниот период успешно се спроведуваат и со нив се обезбедува определено ниво на социјална сигурност на граѓаните на Републиката. Само за илустрација да напомнам дека за 95 година со програмата за заштита на социјално загрозеното население ќе бидат опфатени околу 60 илјади семејства, што претставува околу 12% од вкупното население. Во оваа година Владата исто така презема мерки за решавање на социјалниот статус на околу 16 илјади вработени, кои претставуваат вишок поради преструктуирањето на поголемите претпријатија загубари. Само по овие два основи на товар на Буџетот на Републиката се издвоени средства во висина од 5,2 милијарди денари, што претставува 10% од вкупните

средства на Буџетот за 1995 година. Со оглед дека во оваа сфера ќе мора да се оди и со конкретни решенија за измени и дополненија на одредени законски решенија, чувствувам за потребно само накратко и начелно да спомнам дека во функција на зајакнување на контролата и одговорноста во користењето на средствата од социјална заштита и во раководењето со установите од социјалната заштита, се предлагаат соодветни промени во Законот за социјална заштита што се однесуваат на паричниот надоместок за помош и нега на други лица, наместо на товар на средствата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, тоа право ќе го користат сите граѓани на Република Македонија, па и пензионерите од програмите социјални на ниво на Републиката, што директно на некој начин ќе придонесе за ублажување на онака тешките услови и финансиски проблеми на фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Понатаму, преземање мерки за подобрување на ефикасноста на установите за социјална заштита, еднаш месечно да го информираат Министерството и другите надлежни органи, односно Владата, а преку Владата и Собранието за искористените и за потрошените средства по намени. Со ова се оценува дека во голема мера ќе се има подобар увид и контрола на потрошените средства.

Исто така, во овој закон ќе се интервенира и во начинот и постапката на именување на раководните тимови во овие установи од социјална заштита, така што се предвидува во конкретните решен ја по предлог на министерот, односно Министерството за труд тие раководни лица да ги именува Владата на Република Македонија.

Со цел да се забрза процесот на преструктуирање на стопанството, трансформацијата на претпријатијата и нивното прилагодување на пазарни услови, прилагодување на потребите на работодавците од работна сила кон промените на економските услови,

потребно е приспособување и на дел од правната регулатива што се однесува на работната сила, согласно решенијата во програмата на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, како и на дел од мерките од стабилизационата програма на Владата на Република Македонија, од кои причини се предлагаат одредени измени во Законот за работни односи.

Измените и дополнувањата на овој закон треба да обезбедат единствено законско регулирање на прашањето во врска со известувањето на работникот и престанокот на работниот однос со отказ. Утврдување на долната и горната граница на времетраењето на отказниот рок, односно потребата од негово намалување, утврдување на случаите на престанок на работниот однос без отказен рок и случаи на отстранување од кај работодавецот или работното место. Со тоа се обезбедува воедначеност и допрецизирање на постојната регулатива во законот и колективните договори, како и овозможување на исплата на платите да се изврши во зависност од пазарните услови во конкретните претпријатија, односно и пошироко.

Со Законот за пензиско и инвалидско осигурување кој почна да се применува во месец јануари 1994 година беа извршени одредени измени во решенијата за остварување на правата, што се одрази на запирање на неповолните движења во ова осигурување присутни пред донесувањето на овој закон. Тоа влијание особено се одрази врз намалувањето на приливот на нови корисници на пензија и тоа од 1500 до 200 0, што имавме просечно месечно во 1993 година, на околу 560 во 1994 година. Се оценува дека приливот на нови корисници на пензија во 1995 година со овие досегашни измени, со измените и дополнувањата што се предлагаат во конкретниов закон, се очекува тој број да не ја надмине бројката од 200 пензионери месечно.

III/10.-

Со примената на овој закон се овозможи задржување на рокот во доцнењето на исплатата на пензиите, односно се извршија 12 исплати на пензии. И покрај ефектите од примената на законот, дебалансот меѓу тековните приходи и расходи во фондот е сеуште висок, со што се доведува во прашање постигнатата редовност во исплатата на пензиите.

Од овие причини, се јави потребата од изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со што ќе се обезбеди рационализација на трошоците кои не се во директна функција на правото на пензија.

**ИЈ1ИЈАЗ САБРИУ: (**Продолжение)

Да се намали тековниот дефицит на Фондот кој се планира во износ од 2.014 милиони денари преку урамнотежување на приходите и расходите во 1995 година и тоа да се обезбеди, покрај другото, и на овие ставки. Да се преиспита односно бришење на одредбите за општествен стандард и инвалидна заштита во висина од некаде 170 милиони денари годишно, пренесување на трошоците за доставување на пензиите на товар на корисниците негде околу 250 милиони денари, пренесување на правото на користење на надоместокот за помош и нега во социјалните програми во висина негде од околу 120 милиони денари, како и други заштеди со усогласувањето на пензиите со 1/3 од порастот на трошоците на животот во Републиката и некои други мерки во областа на овие закони.

Напоменувам дека другите измени и дополнувања на Законот се однесуваат на подобрување на текстот заради подобро функционирање на одделни институти.

Почитувани пратеници, имајќи ги предвид состојбите и проблемите во оваа област како и важноста на предложените решенија во прописите што ќе бидат предмет на расправа на седница на Собранието кога ќе расправаме одделно за секој член, ве молам за ваше разбирање и поддршка.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претседателот на Владата, Бранко Црвенковски.

IV/2

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како што имавте прилика да слушнете се наоѓаме пред еден голем, без никакво претерување историски предизвик, но и историска шанса. Верувам дека секој од нас интимно си го поставува прашањето дали имаме сили и можности сето ова и навистина да го реализираме. Веројатно сите се сеќаваме на низата досегашни неуспешни обиди за спроведување на реформи. Се сеќаваме дека секогаш почетниот елан и ентузијазам спласнуваше при првиот судир со социјалното незадоволство и секогаш откажувањето беше оправдано со одлагање за подобри времиња. За жал времињата кои доаѓаа по правило беа полоши Овој пат ми се чини дека маневарски простор за пролонгирање не постои На оваа Влада и на овој Парламент им падна во дел, не да се обидат туку да го направат тоа и тоа во најтешки услови. Амбиентот во која една од четирите расположливи граници е затворена повеќе од две години, а другата повеќе од една година, при што претрпевме штети од повеќе милијарди долари, амбиентот на кој повеќе сме изложени на опструкција од страна на нашиот јужен сосед во меѓународните институции, амбиентот во кој имаме до крајна мера исцрпено и стопанство и граѓанство, сигурно не е најпогодниот за вака крупни структурни зафати, но ние избор немаме ние едноставно ова мора да го направиме.

Би сакал да ве уверам дека Владата во целина и секој нејзин член поодделно се наполно свесни за одговорноста што им припаѓа. Нам ни е сосема јасно на какви се отпори и притисоци ќе наидеме во спроведувањето на овие зафати. Меѓутоа, во исто време сме длабоко убедени дека е ова не најдобриот туку единствениот пат за излегување од повеќегодишната економска криза за создавање на перспектива на економски развој, за јакнење на кредибилитетот на државата и привлекување на капитал за новиот инвестиционен циклус. Верувам дека

истиот однос кон оваа исклучително сложена задача, преовладува и во највисокото законодавно тело, па и покрај сите егзистенцијални тешкотии и пошироко меѓу граѓаните на Република Македонија.

Мене ми е сосема јасно дека за политиката иманентно да се користи секоја прилика за освојување на душите на луѓето. Мене ми е сосема јасно дека тешкотиите и незадоволствата што од овој процес ќе произлезат се податливи за собирање на политички поени, меѓутоа на сите оние кои би сакале би сакале да се видат себеси на наше место би им порачал: Правите што ќе правите, но немојте да ги блокирате реформите, таа тешка во еден дел и непријатна работа некој во Маќедонија еднаш мора да ја сработи.

Почитувани пратеници, сеуште не се наврешени цели три години од денот кога во Република Македонија се воведе сопствената валута. Со тој чин од 27 април 1992 година, дефакто Република Македонија ја презеде целосната одговорност за водење на сопствената економска политика. Да се потсетиме тоа беше период кога многумина од надвор, а некои и тука, во државата, едноставно не веруваа дека сме способни за такво нешто. Се даваа црни прогнози за тоа колку месеци тој како што велеа, експеримент, ќе издржи. Времето што следеше на најдобар начин покажа дека Македонија има и доволен стопански потенцијал, доволно знаење и решителност да се справува со економските проблеми и тоа во најтешки услови.

Токму во периодот кога бевме изложени на најголеми надворешни ограничувања и притисоци, во периодот на санкциите и блокадите не само што ја стабилизиравме економијата, туку сериозно се зафативме и со нејзиното реформирање. Да се потсетиме: Зад нас се реформите на девизниот систем, реформата на даночниот систем, Законот за приватизација, за осамостојување на Народната банка, законите за надворешно - трговско работење, за странски вложувања, за концесии.

Зад нас е успешно реализираниот естиев аранжман со Меѓународниот монетарен фонд, добиена битка со хиперинфлацијата и стабилизирање на националната валута. За неполни две години откако станав- ме членка на Меѓународниот монетарен фонд при крајот на април 199 3 година ја доведовме државата до степен на подготвеност за склучување на СТЕНД БАЈ аранжман, што само по себе претставува успех.

Сето ова говори дека ако потребата од реформи на економскиот систем ја издигнеме на ниво на највисок државен и национален интерес, ако околу нив постигнеме најширок можен државен консензус, ако ги оставиме настрана политичките калкулации и социјални демагогии, не треба да се сомневаме во успешниот исход. Ние тоа треба да го направиме, ние тоа можеме да го направиме, а на крајот на краиштата ние тоа и мора да го направиме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван претседателе на Републиката, дами и господа пратеници, почитувани министри, мислам дека треба да признаеме една работа и таа да ја пренесеме секаде каде што живееме дека е дојдено она време кога можеме денес- ка да слушаме од премиерот и од тројца, четворица министри работи кои што досега не сме ги чуле, да чуеме нешто во детали кои што значат многу за оваа држава, да чуеме нешто што многу држави, неколку држави на запад одамна тоа го створиле и поминале низ таа така да речам

прохибиција Америчка и други работи да не спомнувам за да дојдат до нешто поцврсто и постабилно денеска, да живеат граѓаните, и ние да зависиме односно да побараме помош од нив.

Овие мерки што ги предлага Владата сите преговори што се направени овие неколку години како почеток Меѓународен монетарен фонд што е отскочна даска за се друго, и Светската банка и Европската банка и другите меѓународни институции и финансиски корпорации, претставуваат нешто големо нешто ќе не стеснат со стандардот нешто што ќе речат ќе мора каишот да си го стегнеме сите иако е стегнат, уште ќе мораме да го стегнеме каишот за да можат нашите генерации да живеат подобро, можеби и ние ќе дочекаме. Се работи за генерацијата што доаѓа. Ние имаме многу невработени, многу викаа по нас не отпуштајте многу, не ни треба приватизација, многу зборуваме за приватизацијата, како да сме префорсирале, некој како да држи во себеси многу пари и нејќе да ги даде, како да некаде има огромни средства за пензиите па некој не сака да ги даде, како да имаме не знам какви пензиски фондови. Мислам дека ние и овде во Парламентот имаме добри стручњаци, економисти имаме во нашава држава добри економисти и стручшаци кои што овие излагања на овие господа министри и на премиерот ќе ги разберат онака како што треба да го разберат едни луѓе кои подобро ја познаваат економијата и законите, реформски законормерности за да мораат да го трансформираат понатаму пред широките народни слоеви. На народот тоа да му го кажеме. Ова требаше ние одамна да го направиме едно време, меѓутоа кога ќе започневме веднаш тука беше печатницата и ќе се печатеа пари. А печатење пари значи инфлација. И заради тоа не можеме да тргнеме од тоа.

Јас восхитен сум од тоа што го чув од премиерот и од господата министри, од се она што досега е сторено и она што треба да се направи. Знам дека куповната моќ и моја и на граѓаните и на сите нас ќе ни се намали меѓутоа, исто така знам ако така постапиме дека во догледен временски период, а може што порано тоа да биде ако ние се однесуваме сериозно и многу сериозно и одговорно према оваа програма знам дека животот ќе ни биде подобар и на нашите генерации, младата генерација.

Јас ви благодарам за ова што ме слушавте, давам полна поддршка на овие сегменти од развојот на РМ и воопшто за гледањето како треба, еднаш мораше вака да се пресечи, не може поинаку. Друг пат нема освен овој.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на државата, почитувани министри, почитувани пратеници, програмските определби што пред нешто повеќе од пред два месеца ги соопшти господинот Бранко Црвенковски како премиер во оваа иста сала, а денеска повторно ги истакна, се однесуваат на потребата од итно остваруваше на економски те реформи на радикализација во нашата држава. Тогаш беше укажано дека суптилните промени во реалниот и финансискиот сектор се неминовност без која без која нема можност за надминување на негативните состојби и трендови во нашето стопанство.

Исто така на таа седница премиерот најави дека, беше најавено дека тие зафати ќе бидат поддржани и од ММФ и од Светската банка, на сите нас ни е познато дека за остварувањето на значајни промени кој ќе го олеснат и поттикнат процесот на трансформацијата на стопанството, приватизацијата, санацијата на банкарскиот систем преструктуирањетоп

на претпријатијата, потребни се соодветни промени во одделни прописи, а со тоа што значи со реформите и со прописите во таа функција што се предлагаат Владата оценува дека ќе се овозможи трансформацијата и оспособувањето на стопанските субјекти, банките за нормално функционирање во пазарни услови.

Праксата во земјите во светот, а посебно кој се во процес на транзиција во доменот на спроведувањето на суптилните реформи е познато. Имено, без радикализација на економските реформи не се можни брзите системски промени и остварувањето на позитивни резултати во стопанисувањето. Оттаму започнувањето на остварувањето и самата радикализација на реформите што овде ни се нуди ние во пратеничката група на Социјалистичката партида на Македонија ги цениме како неопходен предуслов за реално приспособување и функционирање на стопанскиот систем во целина. Поради тоа сметаме дека радикализацијата на реформите се само сублимат на севкупните напори во правец на започнатите стабилизациони промени да се динамизираат и прошират во сите сфери од значење на севкупниот развој на државата, а посебно за запирање на негативните трендови.

Поради тоа е потребно целите на овие реформи да бидат поддржани бидејќи го трасираат патот на поголема ефикасност и рационалност во работењето со ограничените и влошени услови на економско и политичко опкружување во кои се наоѓа нашата држава.

Поддршката на реформите е неопходна заради продолжување и проширување на соработката со ММФ и Светската банка што ќе овозможи добивање нови финансиски аранжмани и тоа покрај кредитот за финансиско економско и социјално прилагодување и користење на стенд бај аранжманот што претставува значаен чекор кон финансиското приспособување на нашата држава.

Поврзаноста и уоловеноста на овие финансиски аранжмани ги наложуваат интензивирањата на реформите во банкарскиот систем, во претпријатијата со загуби, интензивирање на приватизацијата, инвестициите во РМ, санирање на дубиозите во разни домени и слично.

Од аспект на нашите програмски определби во Социјалистичката партија на Македонија ценам дека е неопходно да се истакне посебно социјалниот аспект на остварувањето на овие промени односно укажувањето на последиците од радикализацијата на реформите. Имено, се поставува прашање која е најминималната можна цена што секој од нас ќе мора да ја плати во спроведувањето на овие реформи. Доколку таа цена условно кажано е содржана во надоместокот за изгубеното работно место на вработените во претпријатијата загубари или во смалениот обем на средствата во Фондот за пензиско - инвалидско осигурување, или пак во опфатот на бројот на корисници на социјална заштита и слично тогаш тој минимален обем на средства неопходно е во дел да биде компензиран од буџетските извори, како би се избегнала ескалацијата на негативните реперкусии со овие реформи.

Секако дека се има предвид средствата што се обезбедени во Буџетот за 1995 година општа оценка е во Парламентот дека за прв пат е така една огромна ставка се планира во Буџетот за социјално загрозените домаќинства кои се корисници на социјална помош и надоместоците што се исплаќаат за невработените.

Собранието тоа го имаше предвид при усвојувањето на буџетот и во таа смисла даде и целосна поддршка за оваа година бидејќи без покритие на социјалната цена што ќе биде платена токму во оваа година невозможно е започнување на интензивирање на реформите.

Во таа насока се залагам за неопходен консензус од сите структури и политички фактори во однос на поддршката на реформите при што особено се води сметка за социјалната издржливост и подносливост на реформските зафати. Сметаме дека е неопходно постојано следење на социјалниот аспект на реформата и во од доградување на решенијата во оваа област со што би се избегнале потешкотиите и пречките кои можат да ги запрат реформите во целина.

Посебно сакам да истакнам дека реформските зафати можат да бидат забрзани ако се интензивираат и другите процеси, а пред се трансформацијата на општествениот капитал. Поради тоа цениме дека е потребно да се согледа и уште еднаш преоценат сегашната методологија на трансформацијата на општествениот капитал, како и можни измени и во поедноставувањето на постапката особено на малите и средните претпријатија со што се добиваат и побрзи и поефикасни и поголеми ефекти во оваа сфера.

Досегашното искуство, анализата на досегашното искуство од приватизацијата како и искуствата во доменот на трансформацијата на други држави каде што се отидени понапред во оваа сфера, во оваа прилика би напомнал дека Пратеничката група на Социјалистичката партија и пред донесувањето на Законот за приватизацијата даде свој конкретен прилог во неговото доградување и потспешување изнесе бројни предлози, сугестии вклучувајќи конкретни амандмани. Наша оценка е дека дел од нив со својата актуелност се наметнуваат и во оваа фаза на приватизацијата и во таа функција постојаното дорадување на досегашната практика и законската регулатива цениме дека е неопходна.

Исто така и донесувањето на другите системски прописи како што се Законот за денационализацијата, за трговските друштва, антимонополските закони и друго би овозможило дооформување на стопанскиот систем во целина со што ќе се создадат услови за целосно остварување на реформите и стабилизација на стопанството.

На крајот, секој радикален зафат може да израсне во мошне сложен и непредвидлив процес доколку не биде сериозно обмислен проценет и подготвен од сите аспекти, а пред се, од социјалниот, пак ќе подвлечам.

Поради сето тоа се залагам Владата под итно да донесе нова развојна програма на Република Македонија, впрочем за каква се заложи и премиерот во своето декемвриско обраќање во ова Собрание која ќе биде соодветна на новите економски политички услови кај нас што ќе значи современо создавање на амбиент за целосно дооформуваше на стопанскиот и економскиот систем со водење сметка за социјалната страна на неговото оформување. Само врз таа основа ќе се создадат услови за зголемена стопанска активност без што не е можно остварување, одржување на успешноста на реформите.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој друг бара збор?

Прво се јави г-динот Томислав Стојановски, па г-дин Панче Насев.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дин претседателе, г-дине премиеру, дами и господа пратеници, господа министри, само накратко неколку само укажувања и на крајот со еден предлог што ќе го дадам, а тоа е дека коректно е во склопот на она ненепишано правило во стоте дена на работата на секоја Влада да даваме безрезервна и полна поддршка и тоа денеска ќе го сториме.

Колку да мојот глас, ако е единствен, ќе биде значаен, не е многу ни битно. Сметам дека уште 20 дена па ќе поминат 100-те дена или 3-те месеци и мислам дека овој материјал што денеска го добивме на некој начин е еден сигнал за она што не очекува, што е сосема во ред, бидејќи, за некоја среќа, се совпаѓа со стартот и на календарската и на фискалната година со тоа што треба да ни биде една добра опомена. Ќе се задржам само на неколку акценти изречени од денешните презентентни тука, премиерот и министрите во Владата: намален профит, намален интерес за извоз, ист курс на валута и денар во услови на нормално намалена инфлација. Но сепак зголемена во однос на основните параметри. Сигурно дека секому ова треба да влева песимизам и загриженост дали сето ова може да се оствари.

Намалено вработуваше во општествен сектор за 5,8%, зголемено во приватниот сектор за 5,3%, што јас би бил најсреќен ако тоа успееме да го оствариме, затоа што она што го гледаме на теренот во нашите бази зборува спротивно дека сето она што се одлива по разни основи и што претставува сигурно вработување, а не е занемарливо и сигурни издвојувања за во Буџетот и за сите други намени, многу малку од таа популација практично ја гледаме во категоријата на идно, сигурно вработување, што би значело и социјална сигурност, а од друга страна и она истото, другото, паралелното сигурно издвојуваше.

Сметам дека, бидејќи овој материјал го добивме денеска. непосредно на оваа седница, имаме доволно време сепак и да го разгледаме и да размислуваме малку и да обавиме консултации со нашите избирачи, со нашата база, со тоа што мојот предлог ќе биде кон крајот на овој месец кога изминуваат тие 100 дена, без некоја намера да предлагаме недоверба или, не дај боже рушење на оваа Влада, повторно да се вратиме на овие агрегати што ја сочинуваат во фундамент оваа макроекономска политика за оваа и се разбира за следните години. Сметам дека ќе бидеме поподготвени, а веројатно веќе ќе имаме и некои показатели, ако не повеќе, барем од првите 2 месеци од оваа година и вкупните 3 месеци.

Основно е дека оваа загриженост мораме да ја пренесеме објективно без да се залажуваме, затоа што веќе од завчерашната и вчерашната седница на Влада и најавени некои измени, морам да ви пренесам дека јавноста е возбудена, а и ние сите, затоа што и ние не располагаме со конкретни податоци за предложените измени во одредени сфери на нашето живеење. Значи, коректно, конструктивно поддршка даваме затоа што друг излез нема. Меѓутоа, проузнесување по

ова што значи наша перспектива како држава, сметам дека ќе ни треба малку време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена, ние не можеме периодично да си дискутираме вака после 100 дена, па после 200 дена итн. Сега за ова се дискутира и расправа, сега, а после акти ќе доаѓаат и се ќе си оди.

Има збор г-динот Панче Насев, па г-дин Димов.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници членови на Владата. Како што беше овде кажано живееме во период на исклучително тежок период од нашето севкупно живеење и работење кога треба да опстоиме на процесот на реформите, бидејќи алтернатива во овој момент и немаме и затоа даваме полна поддршка на нашата држава за уредување на односите за цврсто и стабилно уредување на односите на државата кон Светската банка кон ММФ, Парискиот клуб, Циришката спогодба, Европската банка итн., бидејќи без овакви цврсти уредувања на односите со овие институции не е можно изведување на реформи и не е можен излез од кризата.

Мислам дека Светската банка и Монетарниот фонд во разговорите со нашата Влада дале и во резултатите од тие разговори дале правци и насоки во кој правец треба да одат нашите реофрми и кои комплексни прашања од нашето економско работење треба да бидат решени. Тоа се прашањата на кредитно - монетарната политика, колку ќе чини државата т.е. јавната потрошувачка санирање на банкарскиот систем, проблемот

со 25 загубари, приватизацијата итн. Во разговорите сигурно се посочени, покрај правците за изведба на Реформата, се дадени и термините за извршување на задачите што произлегуваат од разговорите. Решени се, во еден дел, и финансиските олеснувања и кредити за изведба на оваа Реформа, а некои финансиски олеснувања и кредити се на повидок за понатаму.

На овие сектори се договорени суштинските задачи. Договорена е како што реков, и динамиката на изготвување на овие задачи. Ние ги поддржуваме договорените задачи и правците на нашата политика. Истовремено се согласуваме за оние укажувања во јавноста дека во целина земено овде станува збор за исклучително тежок подвиг кој длабоко ќе засече во интересот на многу луѓе и фирми. при тоа, иако во перспектива се очекува овие реформи да доведат до заживување на стопанството, меѓутоа ефектите од моментот на спроведувањето на реформата сигурно ќе бидат болни и за одредена група на луѓе застрашувачки.

Овде сакав да ја истакнам нашата длабока убеденост во неопходноста од реформите, во неопходноста од соработка со меѓународните финансиски институции и уредувањето на односите со нив. Едновремено сакам да потсетам дека овие реформи ќе беа до извесен степен полесни, посигурни во изведувањето ако некои наши предлози и укажувања што ги дававме пред 2 и повеќе години беа прифатени. Дури сега, во процесот на одвивањето на реформата ако некои вакви укажувања се прифатат, ќе бидат значајни во извршувањето на реформата и нејзиното подобро функционирање.

V/5

Да потсетам ние предлагавме нормативно да се уредат сите односи во економското работење. Да се уреди евиденцијата на стоковниот прилив и одлив од земјата. Финансиската евиденција на прилив и одлив на девизи во земјата, бидејќи се има чувство дека обемот на тој прилив не се знае, а чак не се знае колку ќе трае тоа таквото работење. Што значи се предлага едно целосно решавање на еден сегмент од економското работење и прилагодување на тој сегмент кон можностите на стопанството на Македонија. На тој начин ќе се створи еден успешен пазарен амбиент во нашата држава, а и ќе се овозможи нашите партнери од странство со кои соработуваме да имаат повеќе доверба во македонското стопанство.

Во ова лежи и успехот на реформите што ги спроведуваме. Меѓутоа, со ова не значи дека се со нив сме решиле. Овие пропусти што пред малку ги реков се прават шуплини во реформите и на тој начин се успорува нивното брзо извршување. Според ова излегува, иако овде министерот за стопанство рече дека реформите ќе се базираат на извозното стопанство, произлегува дека овој концепт на реформа не се базира според сегашните работи како стојат во нашето стопанство, не се базира толку баш на тоа извозно стопанство. Чак, во одредени моменти го доведува истото стопанство во една ситуација на колапс. За овој проблем зборував во Собранието при донесувањето на Буџетот и укажав на некои последици што можат да се случат поради неуважување на овие проблеми. И во оваа година треба извозното стопанство да го издржи ударот на инфлацијата од 18%, што е планиран, а минатата година издржавме удар од 65% инфлација, со еден курс од 27 денари што сега се предлага да биде со оваа година, а минатата година беше чак и нешто поголем. Што значи при таков удар на инфлација и при

цврст курс на девизите, извозното стопанство не е во состојба да издржи.

Како стопанственици немаме ништо против цврстиот курс, бидејќи знаеме што значи инфлација, бидејќи знаеме што значи спирала на инфлација, знаеме што значи печатење на пари. Меѓутоа, мислам дека извозното стопанство мора на некој начин да биде заштитетно бидејќи и другите стопанства што веќе ги имаат уредено своите односи со монетарниот фонд, со Светската банка итн., исто така вршат заштита на стопанството со премирање на извозот итн. Ние не можеме да бидеме единствена земја што ги уредува овие односи со овие институции, а да го оставиме извозното стопанство незаштитено и поред тоа што нашите компаративни предности во извозот во македонското стопанство не се на наша страна. Тука се блокадите, транспортот, далечината итн. Што значи при исти услови, да имаме иста продуктивност со некои земји од запад па и од Средна Европа, исти квалитет и се ние ќе бидеме хендикепирани бидејќи нема да бидеме премирани и поред овие недостатоци од компаративните предности ќе бидеме апсолутно конкуренти на светското стопанство.

Затоа мислам дена овој експеримент со трпението на извозниците може да чини скапо и да го успори процесот на реформи во Македонија. Затоа предлагам сите заедно да размислиме повеќе на овие проблеми и да придонесеме кон негово решавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Димов.

V/7

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас овде ќе изнесам едно дисонантно мислење, размислување, да не речам еретично мое сомневање и некои прашања ќе поставам.

Колку што можев да разберам од излагањето на премиерот и министрите на Владата при образложувањето на оваа програма, да кажам едногодишна програма за 1995 година нема сигурно само функција да не запознае како пратеници на овој Парламент со намерите на Владата на планот на економијата во оваа година, туку овде од нас с ебараше нешто повеќе од тоа. Се бараше ние како пратеници да дадеме, и не

само ние, малку пошироко, една поддршка на оваквата програма.

Сега си поставувам прашање дали едногодишна поддршка на една програма, едногодишна програма би требало да бара таква широка поддршка, бидејќи тоа е една работа која што е нормална или овде се работи за година, како што каша премиерот, од историско значење.

Сега овде, овие историски години, историски значи се имаме баиги изнаслушано од поодамна па до сега и обично секогаш историските години и времиња се заменуваат со нови историски години и времиња. Малку се плашам од таквите работи.

Втора една работа, при повикувањето на премиерот за поширока поддршка тргна од трите аксиоми: реформите немаат алтернативи, социјална цена треба да се плати како што се плати и мора да се соработува нешто поблаго со меѓународните монетарни институции.

V/8

Овака сега, јас да кажам свое мислење. Многу се плашам од работите и оние што повикуваат дека нема алтернативи. Обично, човечко е да има повеќе алтернативи. Прилично ми е страв со таа работа, поготово со еден таков поим како што е поимот реформа. Под поимот реформа подразбиравме и ова и она, но реформа е она што ни се случува, без разлика кој како го разбира она што се случува.

Наиме, ова друштво почна да се трансформира односно реформира, онаа таканаречена општествена сопственост да ја трансформираме во приватна сопственост, со цел да биде профитабилна, да создава профит и луѓето да живеат малку подобро, бидејќи општествената сопственост, горе-долу, живеевме во тоа време, обезбедуваше само една проста репродукција и ништо повеќе од тоа. Се до тука би било во ред. Но, дали ние со таа реформа што сите велиме сакаме реформи, но што и како тоа се прави многу не ни е јасно, различно подразбираме под таа работа, дали ние во таа приватизација направивме стварно, стварно тој капитал да биде капитал на оној кој треба да создава профит. Профитот е позната економска категорија и вели профитот е во директна функција од капиталот кој го има газдата односно што го чувствува тој газда и тука да кажеме е мотивот за создавање профит, бидејќи стравот од пропаѓање на сопствениот капитал е мотив да се создава профит. Сето тоа би било во ред, но ние сето тоа убаво го рековме во историските времиња, сигурно и наши, пред година, пред две, сето тоа е во ред. Но, што направивме? Што и како подразбиравме под овие реформи? Што ни се случи?

Ние, општествената сопственост, што да кажам е понеотуѓења отколку што е државната сопственост со мерките што

веќе се реализираат направивме следното, дефакто одиме кон подржавување па после кон приватизација. Значи, од еден прилично лош газда, како што беа работниците во општествените претпријатија, ја пренесуваме таа сопственост во уште полош сопственик, тоа е државата, за понатаму да ја дадеме на приватните, за овие да бидат мотивирани.

Сега, проблемот е тука што во овој пренос во таа трансформација дефакто тој капитал ќе отиде кај мал број на луѓе што ќе го немаат чувството за тој капитал и ќе немаат мотив за создавање профит во висина на капиталот што го добиле а многу народ ќе остане, да кажам, ќе нема со што да се бави, ќе нема капитал со што да се бави. Значи, тоа од прилика ни се случува.

Мислам дека тие работи се прилично опасни и можеби ова барање на поддршка ваљда може да се бара поддршка од Владата да се создаде алиби за некој евентуален стопански колапс па полесно ќе биде кога сите ќе ја поддржуваме реформата. Не можеме ние да одиме и да бараме поддршка од народот и од пратениците, ваљда овде не замислувате, од Владата, нас пратениците како ширачи на вистината на реформата и за среќната иднина, за развојот итн. Видете, никаде овде не станува збор: треба да се плати социјална цена, треба ова да се прави, треба производството да падне можеби на нула, да стигнеме до прашалки за да тргне подобро.

VI/1 JJ/ЛБ

**ЛАЗО ДИМОВ**: (продолжение)

Тогаш молам Собранието да каже, колку тоа ќе трае кој ќе преживее во тој период. Тоа мора да се знае. Само на тој, начин можеме да бараме од луѓето една поддршка, инаку во друг случај е многу тешко. Овде, ова ме потсетува на некои повици и ме потсеќа на она што може да ни се случи, во поракaта што еден српски поет Јакшиќ, се обраќа на аскетот од прилика овде тоа вака би било, "Пост пост мучених сам хочемурају, ти си од спрема,ал си се гадно преварио, ако оног света нема" Со еден збор ние овде сме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам обратите се овде на службениот јазик.

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Ќе ја парафразирам оваа реченица со следните зборови, ние повикуваме пост, мачење, понижување, со цел со некое добро утро. Но дали тоа добро утро ќе го направиме. Голема е одговорноста. Според тоа секој повик, ваков, треба да биде и покриен со некои временски рокови. Да кажеме, ние не можеме да викаме оваа година, идната итн. Тоа беше моето еретичко размислување, како размислување ви го кажав и благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, најнапред да кажам дека пратеничката група на СДС го подржува концептот за промени, предложен од Владата, што имавме можност тоа да го ислушаме и од претседателот на Владата и од одделните министри, сепак се сваќа само како концепт, но прифаќајќи го концептот, зборувам во името на пратеничката група на СДС, прифаќаме и обврска како пратеници за

една интензивна законодавна активност на ова Собра- ние преку законите за да може да се операционализира реформата. Тоа значи нашиот влог, се разбира, работите се јасно поделени што е функција на Владата, а што е на овој парламент.

Ние прифаќајќи ко концептот како пратеничка група, апсолутно прифаќаме и обврска на Собранието, така да кажам, ако треба да се наоѓаме во постојано заседавање, операционализацијата на програмата за реформите да биде доследно изведена.

Кога зборуваме за единствен излез од оваа состојба, бидејќи тука имаше различни конотации околу тоа, јас сакав да подвлечам дека станува збор за отсуство , прво, на јасна концепција од друг политички фактор во Републиката и апсолутниот консензус во државата дека состојбата во која што се наоѓаме сега е многу тешка. И едноставно мора да се понуди концепт за излез од тешката економска состојба. Тешката економска состојба е услов за вкупна дестабилизација на Републиката во целина, значи и политичка дестабилизација, а тоа пак ќе значи, не само уривање на кредибилитетот на Македонија во меѓународните финансиски институции, меѓународните политички и т.н. институции, ако сакате и наше оддалечување од зачленувањето во Советот на Европа, во ОПСЕ, туку апсолутно ќе влее недоверба кај нашите партнери, Македонија да биде некој респективен субјект со кој ќе може да се разговара. Во таа смисла мислам дека е прифатлив концептот на мерки и тоа многу комплементарен што го нуди Владата, а се разбира, тој ќе биде операционализиран, разработен со низата закони за кои што имавме можност да слушнеме во експозеата во излагањето на министрите. И тогаш фактички ќе биде и одговорноста на Собранието преку донесувањето на законите и и практично вградена во тие закони.

Мислам дека нема политички субјект во Републикава, гледајќи низ политичките програми и особено она што беше презентирано на изборите, кои што не се мират со сегашната положба во економската сфера во Републиката и кои што не се определуваат за ефикасна економија, за пазарно стопанство, за улогата на човекот на граѓанинот за неговите права и слободи. Значи едноставно тука постои така да кажам, консензус по фундаменталните прашања за спроведувањето на концептот на реформите што го нуди Владата. Значи, потоа ако може така да се заклучи нема разлика меѓу политичките фактори во Републиката. Уште повеќе меѓу коалиционите партнери кои што ја поддржуваат Владата во овој парламент, а што е и најзначајно , бидејќи тие се носители на законодавната власт.

Но, за да биде реформата, навистина,спроведена целосно мислам дека апсолутно, неопходно е таа да биде својство , пред се , да стане свест на сите граѓани во Република Македонија, на кои им станало по брзо да се дојде до излез од кризата, за подобра иднина и за себе, и за своите деца и за иднината и на земјата во целина.

Според тоа, мислам дека би било добро оваа програма, овој концепт што се нуди на промени од Владата, да биде поддржан и од Сојузот на синдикатите на Македонија заради интересите на работниците. Референтите и претседателот на Владата укажаа дека една од најголемите опасности за неспроведувањето на овој концепт, за неспроведувањето на реформите е социјалната демагогија. Јас сум убеден дека доколку се понудеше од страна на сите тие фактори, денес во Републиката и сметам тука, се разбира, сојузник да бидат и

Стопанската комора и Синдикатот. Доколку се понудеше многу поконкретен концепт, мислам дека нема фактор, нема министер, нема Влада, што тоа нема да го акцептира и во својата програма да го спроведува.

Според тоа, многу е лесно да се каже , да се критикува Влада или концептот дека тоа и тоа не чини. Меѓутоа, засега не слушнавме многу конструктивни предлози од инвентивни креативни субјекти дека тоа и тоа е добро да се направи. Така да комплементарнсота на мерките на концептот мислам дека заслужува и комплементарнсот во приодот на сите политички фактори во Републиката за при- фаќањето и негова побрза операционализација.

Во овој контекст мислам дека е многу значајно и разлик те кои што постојат одделните разлики, за кои што малку стана збор овде меѓу политичките фактори, политичките субјекти кои што се застапени во македонскиот парламент. Ние сме свесни дека имаше и поинаков концепт околу приватизацијата, како еден сегмент од овој целосен концепт. И мислам дека би било добро , затоа што е тоа значаен сегмент за реформите, на кои што се потпираат многу овие реформи, би било добро да се усогласиме овде, бидејќи донесовме Закон за приватизација и доколку по тој закон има резерви кај некоја политичка партија, односно пратеничка група, би било добро, сега на стартот на реформите, за нив да разговараме. И ако треба тука да се усогласиме, за да можат сите други кои што се надоградуваат над овој сегмент на реформите, да бидат јасно недвосмислени, да бидат својствени ан сите политички фактори на кој што тоа треба да го спроведуваат.

Се разбира дека реформите се болни и носат и неизвесност. Но, доколку не пристапиме побрзо на операционализација на концептот и

неспроведувањето на реформите, мислам дека на сите нас ни е иввесна иднината. Совршено ни е јасно во каква состојба ќе се најдеме. Особено е битно што овој концепт, ние сакале тоа да го признаеме или не, иако некои фактори во републиката го негираа, е поддржан од меѓународните финансиски институции. А тоа е една од најзначајните карики на кои што почива реформата, на кои што овој концепт на промени почива, затоа што е и тука да има консензус на политичките фактори во Републиката, дека нема излез од економскава криза без инфузија финансиска од странство. А ќе добиеме финансиска поддршка од странство ако сме стабилна земја, ако имаме политичка стабилност и ако влеваме сигурност кај нашите кредитори дека таквата обврска ќе можеме како држава и земја да ја вратиме. Колку повеќе изградиме овде единство, пред се, во македонскиот парламент, се разбира, Владата си носи посебна одговорност за тоа, дотолку повеќе ќе ни веруваат странските држави и до толку побрзо, онаа неопходна финансиска инфузија на македонското стопанство ќе стаса. Во спротивно, доколку ги одлагаме реформите, сигурно дека и тие резерви кај нашите поддржувачи, кредитори од странство ќе бидат зголемени. А да не зборувам што ќе значи и во услови кога се уште до крај не сме ги уредиле до крај односите со Република Грција околу решавањето на проблемите и нашето влегување во сите овие други светски, особено и пред се, економски и финансиски асоцијации и институции.

Да завршам, мислам дека паралелно со ова што ни беше овде речено околу комплементарнсота на мерките, би било многу добро тие да бидат и синхронизирани и координирани по области. Само една илустрација, приватизацијата сигурно не ќе можеме до крај да ја спроведеме онака како што се договоривме и како утврдивме во Законот

во колку не биде донесен законот за денационализација. Бидејќи интересите тука се спротивставени на определен слој на граѓаните во Република Македонија, и дека ќе имаме сигурно значајни кочница и во овој процес, доколку не бидат респектирани и почитувани интересите и на тие. А Законот за приватизација ќе биде комплементарен само доколку го имаме и законот аз денационализација, за да биде тој слој на граѓани задоволен.

И веројатно дека едно од најтешките прашања со кое ќе се соочиме и ние кои што ќе ја поддржуваме Владата во врска со овие мерки, а особено Владата е како да се амортизира социјалната тензија во Републиката, не задоволството на граѓаните, на вработените, затоа што маса работници само од овие 25 загубари, некаде над 15 илјади ќе се најдат на улица.

На сите ни е јасно дека обезбедување на социјална сигурност на вработените што ќе се најдат во ситуација да мораат да ги напуштаат фирмите нема реформи. Јас сум во тоа сосема сигурен. Тука може единствено да пробие свеста за потребите од реформи, ако се види дека навистина дека сме организирано општество, особено како што напишавме во Уставот дека имаме намера, имаме стремеж да изградиме социјална држава. А социјалната држава гарантира на секој граѓанин пристоен живот за да може активно да учествува да се вклучи во сите овие промени што ги нудиме како Влада односно како Парламент.

Врз основ ана сето ова што беше изнесено и ако немавме многу конкретно пишани материјали, Социјал демократскиот сојуз односно пратеничката група на СДС смета дека оваа концепција на Владата за реформи заслужува наша поддршка и им ја даваме.

VI/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано, претседателство, почитувани пратеници, денешнава седница на Собранието на Република Македонија, на дневен ред има едно исклучително важно прашање, кое по својата суштина има повеќеслојни општествени економски и политички содржини и димензии, и уште повеќе последици со кои сакале или не, во наредниот период ќе се соочиме во нивна изострена форма.

Новиот пратенички состав на Собранието на Република Македонија, свесни за тоа или не, се наоѓа пред една сериозна за- дача, во наредниот период со забрзани чекори да донесе закони и други прописи кои ќе го вообличат, пред се, економскиот и социјалниот живот, но и политичкиот амбиент во Република Македонија.

Како што е познато, ако првиот плуралистички состав на Собранието на Република Македонија ја имаше таа можност да биде субјект и учесник на донесување на закони, одлуки и заклучоци, пред се, од историска, државна и политичка природа, како што беа Декларацијата за независност на Република Македонија, Референдумот за самостојност, Уставот ан Република Македонија, приемот на Република Македонија во Обединетите нации, овој состав ја има таа среќа или несреќа да донесува закони и одлуки кои ќе ги допираат основните, егзистенцијални интереси и потреби на граѓаните на нашата држава.

За разлика од минатиот период кога битките помеѓу релевантните политички, социјални и стопански субјекти во Републиката се водеа главно на политички план, околу државотворните, националните,

меѓunационалните и меѓу народните опции за статусот, за развојот и иднината на нашата држава, овој пат ќе бидеме соочени со вистински предизвици, сурови облици на економската и социјалната стварност, која најмалку ќе биде пријатна и задоволувачка, туку понекогаш и горчлива.

На тој начин доаѓаме , според мене, до клучното прашање да се оди или не по патот на реформите во економската и социјалната сфера.

Еве неколку аргументи, аз мене, кои што одат во прилог на реформите.

Моментната економска, производствена, пазарна, а и социјална состојба во Република Македонија не е добра, туку со тенденции на брзо влошување. Тоа значи дека стечаи и ликвидации ние ќе имаме и без реформи.

Второ, дали сме способни овие длабоки реформски зафати да ги извршиме сами, со сопствени средства и потенцијали.

Трето, значи без надворешна, меѓународна финансиска помош, ние не сме во состојба ниту да ги запреме негативните економски и социјални движења што ги имаме денеска, од една страна, ниту без таа помош можеме да влеземе во предвидените реформи.

Четврто, Владата ќе биде осудувана, а посредно и ние, ако ништо не преземе, односно ништо не се обиде да промени во нашето економско и социјално битие.

И на тој начин ќе расте уште повеќе антиреформското расположение, а социјалното незадоволство и интелектуалниот одиум ќе расте од фактот, што оваа Влада , нема храброст, нема визии, да понуди

излезни решенија, без разлика на нивната социјална цена.

И на крај да не заборавиме, пред четири години донесовме Устав кој е јасен и дециден во сите уставни одредби за радикал- ни реформи во економскиот и социјалниот систем.

Верувајте дека со постојните самоуправни механизми на управување и не дефинирани до крај облици на сопственост, нема напредок од аспект на ефикасно и пазарно ориентирано општество.

Ако веќе ориентацијата, која веќе aj спомнав, а верувам дека постојат и други, одат во прилог на реформите, тогаш морам да спомнам и некои претпоставки кои што се потребни аз да се обезбедат по нормални услови за спроведување на реформите.

Прво, ниту една крупна општествена активност, а особено оваа која што ќе биде болна, нема шанси да успее ако главниот носител, пред се, со своето реформско однесување стави до знаење на целокупната јавност дека цврсто се решени да ги истуркаат работите до крај. Со други зборови важен момент е да се стекне довербата во јавноста.

Второ, довербата и поддршката се добива со поголемо чувство на одговорност и осет за проблемите и тешките состојби што ќе се јавуваат во наредниот период.

Трето, за сите реформи, главни пречки биле бирократското самоволие и административната ригидност кои се на зборови за реформи, а на дела се против.

Според тоа не е доволно министрите да бидат реформски настроени, а владината администрација, коморските асоцијации, синдикалните движења не бидат доволно вградени. Со други зборови

мора да покажува поголемо чувство и осет за соработка во воспоставување на тие односи со сите асоцијации за добивање на една поширока поддршка на државата.

Четврто, јавноста ќе биде настороена кон реформтие, дотолку повеќе ако се почувствува еден нов импулс во работата на целата државна машинерија, пред се, во ефикасна работа на инспекциските органи, на органите на прогонот, на царината и на други органи кои што ќе ги пресечат сите негативни сили и дејствија кои што можат да ги вулгаризираат и добрите реформски намери на Владата.

VII/1.- ДВ/ЉР

**НАНО РУЖИН:**

Господине претседателе на Република, господине претседателе на Собрание, господине премиер, министри и пратеници,

Инспириран сум од сето тоа што досега што беше кажано. За жал не се употреби еден многу значаен израз. Мислам дека се работи за примарен национален интерес, со оглед дека она што се заговара, всушност се работи за еден економски просперитет и јас лично и нашата пратеничка група го прифаќа се она што беше кажано. Меѓутоа сметам дека еден домен, особено големо внимание треба да се обрне на целата оваа програма, а тоа е проблемот на социјалата,односно она што ние го велиме социјална држава.

Што подразбирам под тоа? Дури би рекол колку приватизација, толку социјална држава. Зошто?0на што ни се предлага, барем од она што гледавте или како средства кои што се наменети за Министерството за труд и социјална политика, сметам дека е една праволиниска социјална политика која ние ја познаваме од минатите режими, со оглед дека нејзината природа е чисто дистрибутивна, што ќе рече дека дурги и искуствата од западно европските земји, особено на САД со редистрибутивна политика не дадоа големи резултати, односно имате пари, ги расподелувате тие пари, нема никаква повратна спрега. Имено, заради објективни и субјективни причини, веројатно ние сеуште не сме во состојба да ја реализираме онаа уставна категорија, социјална држава, иако и нашиот потпретседател ја спомна како значајна заложба. Не сме во состојба да ја реализираме социјалната држава од бројни, би рекол, субјективни и објективни причини, но сепак сметам дека можеме да направиме мали напори. Пред се, никаде во Европа ниту во развиените

земји на либералното стопанство кое функционира, знаете дека на кој принципи, да не го образложувам Адам Смит итн. Во ниедна земја не се занимава исклучиво со социјална политика само едно министерство. Односно како што видовме дека четирите министри, сите беа зафатени со проектот на трансформација и реформа на општеството, исто толку, можеби и повеќе министерства на Запат се занимаваат со социјална политика. Ме прашувате на кој начин. Пред се, она што денес се предлага, нормално, можеби тоа се аномалиите на посткомунизмот во кој што живееме, сметам дека другите министерства пред се Министерството за образование, Министерството за стопанство, да не ги набројувам, сите министерства имаат одредени обврски во реализацијата на социјалната држава, пред се Министерството за социјална политика.

Што претпоставува овој концепт? Овој концепт претпоставува пред се одредена кадровска подготвеност во што сметам дека, можеби, и ја имаме. Исто така претпоставува одредени средства. Гледаме средствата во вид на кредит доаѓаат, меѓутоа тие средства ќе ги загубиме. Имено искуствата во САД покажуваат дека проблемот со социјалната особено со американските црнци повеќе ги натераа по желно очекување на месечната рата. Значи повеќе мотивира една пасивност на оној кој што ги користи тие средства, отколку да го алимира на одредената заинтересираност да се вклучи во процес на производство Целта на социјалната политика пред се да не го пореметИ Законот на побарувачката на пазарот, значи и двата закони, на побарувачка и понуда, туку да ги стимулира луѓето, да ги наоружа со знаење и способности да се соочат со сите предизвици на пазарната економија, а знаете пазарната економија нема емоции. Таа не прави разлика ниту меѓунационалнсоти, ниту меѓу луѓето, ниту меѓу слабите и јаките. Оној

што е способен, тој успева на пазарот. За жал, можеби, ние се најдовме во еден период на тип либерализам каде слободната конкуренција беше мошне значајна и од тие аспекти самата индивидуа беше големиот жртвеник. Социјалната држава претпоставува како секој човек да го наоружа со такви знаења. Јас не сакам да го повторам веќе оној излитен слоган за кој колегите социјалисти постојано зборуваат, оној кинески слоган - гладниот научете го да лови отколку да му дадете руда. Меѓутоа, најпростата суштина на социјална држава е тоа, образованието во соработка со другите министерства и со Владата, јас би рекол дури и дека ни е потребна една социјална влада во овој момент ако сакаме да го реализираме она што претходно го кажав, колку приватизација, толку социјална држава. Неопходно е пред се да создава, можеби бесплатни институции за дооспособување, допрофесиоанлизација на доредени кадри, а ќе се согласите со тоа дека простор за тоа постои, со оглед дека постојат одредени кадри кои се потребни на оваа држава. Второ, соодветна даночна политика во што мислам дека сме тргнати, трето , една современа и една флексибилна и современа држава која ќе функционира многу поефикасно и четврто, она што го велиме ние капитал - човек. Човек кој ќе биде резултат на ситите овие претходни процеси, еден современ човек, еден современ кадар. Доколку сакаме да го реализираме овој суштински, национален, би рекол од граѓанска вокација, на сите граѓани на Македонија, овој суштински национален интерес,ќе мора многу повеќе да се забавиме со воспоставувањето на социјалната држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседатеал почитувани пратеници,

Секако дека го поддржувам макроекономскиот проект како

глобален проект кој треба да го доведе македонското општество до граѓанско општество, до владеење на правната држава.

Сакам да кажам нешто за дел од финансирањето на јавниот сектор и поконкретно Секторот здравство заради следното: Владата се определува а овозможи една рамнотежа на претходниот дел инпутот и расходниот дел аутпутот на Фондот за здравствено осигурување со следните мерки:

Прво, со национализација на здравствената мрежа. Се согласувам дека со тоа ќе се намали трошковниот центар во расходниот дел;

Второ, со обезбедување реално ниво на средства од учество на граѓаните. Со ова во потполност не се согласувам иако и моја желба е да се обезбеди такво реално ниво на средства како инпут во Фондот за здравствено осигурување. Ова заради следното:

Од образложението на министерот за труд и социјална политика произлегува дека 25% од вкупното население се навработени, односно 12% од вкупното население се социјални групи. Односно преструктуирањето како последица исфрла некаде 37% граѓани кои не можат да одговорат со реално учество на средства во Фондот за здравствено осигурување. Логична е последицата дека Фондот за здравствено осигурување ќе се наоѓа под тешка фискална компресија во приходниот дел, а во расходниот дел зголемени плати. Што сакам да речам? Мислам дека Владата има испуштено една своја обврска со макроекономскиот проект, а тоа е следното; Владата е одговорна за колективното здравје на населението, поготово низ деветте концепирани програми кои се влезени како законска обврска на Владата, односно во концепирањето на Буџетот. Мислам дека низ операционализацијата на

оваа Програма натаму, она што го велам дека Владата треба да го има предвид, заради тоа што здравствениот систем и популацијата односно кребилитетот на Владата многу зависи од релативно реално функционирање на овој многу сложен систем од кој зависи и политичкото расположение на граѓаните.

**СТОЈН АНДОВ;**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Резултатот од расправата и излагањата кои овде беа дадени како стенографски белешки да се достават до Владата и до сите пратеници. Оваа материја ќе ни биде нам трајно присутно и ќе треба да ни биде при рака кога ќе ни затреба, кога ќе добиеме посебни проекти за разгледување.

Минуваме на **втората точка** - Предлог за именување гувернер на Народната банка на Македонија

Предлогот на претседателот на Република Македонија ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (76 пратеници гласаа за).

Дали е некој против ? /никој/

Дали некој се воздржува од гласање? /никој/

Констатирам дека Собранието го именува г-дин Борко Станоевски за гувернер на Народната банка на Македонија.

На г-дин Борко Станоевски му честитам за изборот. Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Тринаесеттата седница на Собранието.

(Седницата заврши во 15 м 25 часот).